**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 8
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 2 – работа со текст
**Наставна содржина:** Работа со табели
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да се оспособи за креирање и уредување на табела во документ
**Очекувани резултати:** Ја форматира содржината на ќелиите во табела и вметнува графички објекти во неа.
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка работа, индивидуална работа
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, форматира табела и вметнува графички објект во неа

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** Дискусија како се внесува табела во текст. Го отвораме документот креиран на минатиот час.
**Учечко – поучувачки активности:** АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Со соодветни форматирања, пополнетата табела треба да изгледа како на сликата:




Се работи со кликање на иконите од алатниците. На овој час ќе ги користат следните икони:

- Од стандарден алатник ја користевме иконата за креирање табела (ја има и во алатникот за табела),
- Од алатникот за форматирање се користат иконите: DejaVu Sans за примена на фонт, 10 за промена на големина на фонт, за промена за стил на фонт – задебелено, курзив и подвлечено, за хоризонтално порамнување – лево, средина, десно или двострано и за промена на боја на ќелијата (ја има и во алатникот за табела),
- Од алатникот за табела се користат иконите: за промена на дебелина на линиите во табелата, менување на вертикалното порамнување – горе, во средина или долу, додавање на ред или колона и бришење на ред или колона,
- Од алатникот за цртање се користи иконата: внесување слика во табела или документ.

Се потсетуваат учениците дека за да смени или додаде форматирање, прво треба да се селектира текстот. Ќелијата од табелата се селектира на тој начин што ќе го селектираме текстот или сликата што таа го содржи.
**Активности за евалуација:** Дискусија за вметнување слики во документ и во табела.

obrazovanie.literatura.mk